ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **07.12.2020 година** во 09:00 часот во Голема сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководителна испекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновск**а, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Отсутен од колегиум
-Да контактира со АПРИСИТИ за да достават заверен проект за Дурачка Река патен правец 2.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој на општината Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Да се менторира по однос на апликациите за училиштата за повикот од МОН до 15.12.

-Да се направат спогодби за пожарникарите во текот на оваа недела и да се повикат за потпишување и реализација на истите до средина на декември.

-Тања во текот на оваа недела да ја свика комисијата за отуѓување на градежно земјиште и да се заземе став по однос на парцелата на локалитет „Езерце“, да се оди со продажба со понизок степен на уреденост.

-Јасмина Ангеловска да направи координација со директорите на сите образовни институции и да се направи увид во бројот на позитивни случаи од вирусот Ковид-19 во оделот на персоналот, наставниците и учениците.

-Да се дефинира број на новогодишни пакетчиња и да се распише јавна набавка.

-Предметите за експропријација соодветно да бидат распоредени кај Јаготка Николовска и Валентина Димитровска.

- Да се најде решение за работното време на архивата, соодветно расположивиот кадар.

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната за поднесување на квартален извештај и подготовка на буџет за следната година.

Со Одделение за урбанизам и сообраќај, да се дефинира развојна програма за периодот 2021-2023 година

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се исконтактира со Параметар за проект за општинската зграда спроти Балкан.

-Да се нарача геодетски елаборат за бришење на објекти на

-Кире Велески да ја докомплетира документацијата за Осоговска, м.в Чивлик с.Конопница за одобрение за градба и да се контактира со фирмата Прима за пренесување на проектот за инфраструктура за сервисна улица во ЕУ Урбанизам.

-Кога ќе биде готова предмер пресметката за тротоарите да биде препратена до СИПР.

-Да се провери со Мелтон за можност за изработка на столбчиња за еластична ограда и да се даде налог за мостот кај Мотелот.

-Да се провери можноста за тампонирање на пристапен пат на ул Баглачка.

-Да се провери можноста со АКВА ИНВЕСТ запоместување на крак од канализација Крстата Падина.

-Антонио Давитковски да даде налог на Трново М и да се наместат извадените канделабри од плоштад и парк.

-Да им се каже на изведувачите каде да се носи отстранетиот материјал од Градскиот плоштад за да се има увид на истиот. Конструктор да го известува одговорното лице од општина и тоа да биде поткрепено со испратница.

-Да се дефинира проектот за грант средства од МСИП и да се изработи ПАД до петок.

-Да се види можноста со Аква за изместување на дел од канализацијата во н.Крстата Падина.

-Со ЈП Комуналец да се почне со атмосферска канализација на ул. Баглачка и со калдрмаа на ул.Лозановска.

-Да се даде налог на фирмата за поставување на одбојна ограда на потегот до Спортски центар и кон манастир Св.Јоаким Осоговски.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Од страна на Оливер Стојановски до крајот на месецот да биде изготвена Развојната програма за животна средина и да биде ставена како точка на дневен ред.

-Да се достави писмен допис до АПРИСИТИ за да доставaт заверен проект за Дурачка Река Патен правец 2.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се преземат активности заедно со Секретарот на општина за промена на Правилникот за плати за пожарникарите до 20.12.2020 година, за да од 01.01.2021 се стартува со нови решенија.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Информација за завршени и нови јавни набавки. Да се распише набавка за новогодишни пакетчиња.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дадат наредби на комуналните редари за излегување на терен и преземање обврски околу групниот добиток со повратни информации.

-Да се спреми материјал за поднесување на тужба против Гоце Ѓорѓиевски, врз основа на испратен фото и друг доказен материјал, во рок од 3 дена.

-Да се превенира колењето на добиток на импровизираниот сточен пазар.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се работи на нови зафати за водоснабдување на Калин Камен.

-Да се закаже состанок со МХЕ Хидро Осогово.

-Чистење на сметот на патот кон Калин Камен посебно за време на викенд.

-Навремено третирање на сите улици и локални патни правци со абразивен материјал во зимски услови.

-Санација на тротоарски површини на мостовите долж главна улица и работа со механизација на пропусти во с.Узем.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи координација со Антонио Давитковскии, Гоце Ристовски околу 12-то издание на Театарскиот фестивал околу прогласување на лауреат и одбележување на мини настан.

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

- Седница на совет за носење на буџет да се планира за ден 28 или 29.12.2020 година, а евентуално онлајн седница за одлуки за приоритетни проекти до БРР и Светска Банка до 15.12.2020 година.
- Да се направи проценка на дописите кои стигаат секојдневно на меил, да се приоритизираат на кои треба да се одговори и кои треба да бидат спроведени како активности.
- Лицата кои доаѓаат на работа преку еден ден поради пандемија со Ковид 19, можат во секој момент да бидат повикани на работното место од претпоставениот, и треба да се појават и одговорат на потребите кои се итни и неодложни за нормалното функционирање и тековно извршување на работните задачи.

**07.12.2020 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**